# Доделување на наградата „Денес“

Во Музејот на град Скопје вечерва, во 20 часот ќе биде врачена годишната награда за млад ликовен уметник „Денес“ што ја доделува Центарот за современи уметности од Скопје, во соработка со Фондацијата за граѓанско општество од Њујорк.

Номинирани се авторите Јана Мишева, Ѓорѓе Јовановиќ, Кристина Хаџиева и Зоран Попоски. Жирито составено од уметниците Оливер Мусовиќ, Славица Јанешлиева и Наде Пешева, историчар на уметност, денеска ќе реши кому да ја додели наградата - стипендија која ги покрива трошоците за пат и четиринеделен престој во Меѓународната куќа при Универзитетот „Колумбија“ во Њујорк.